АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ **ЕУРОЛИНК – СКОПЈЕ**

# Д О П О Л Н И Т Е Л Н И   У С Л О В И

## ЗА ПАУШАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЛИЦА ОД ПОСЛЕДИЦИ НА НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ (НЕЗГОДА)

### Член 1 - ОПШТИ ОДРЕДБИ

(1)Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода) и овие Дополнителни услови за паушално осигурување на лица од последици на несреќен случај (во понатамошниот текст: Дополнителни услови) се составен дел на договорот за паушално осигурување на лица од последици на несреќен случај, кој договорувачот на осигурувањето го склучува со Акционерското друштво за осигурување Еуролинк - Скопје (во понатамошниот текст: осигурувач).

(2)Договорувач во смисла на овие Дополнителни услови може да биде физичко лице или правно лице од земјоделска дејност, градежништво и сл. кај кој работникот засновува граѓанско правен однос.

(3)Лицата што се осигуруваат во смисла на овие Дополнителни услови, осигурени се без оглед на нивната здравствена состојба и општата работна способност како и без плаќање на зголемена премија во смисла на чл. 9 став (3) точка 5 од Општите услови, освен лицата потполно лишени од деловна способност кои во секој случај се исклучуваат од осигурувањето.

### Член 2 - ОБВРСКА НА ОСИГУРУВАЧОТ И ТРАЕЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО

(1)Обврската на осигурувачот во однос на секој осигуреник започнува во 24,00 часот оној ден кога е платена договорената премија, но не порано од 24,00 часот оној ден кој во полисата е наведен како почеток на осигурувањето.

(2)Осигурувањето се склучува со издавање на поединечна полиса за секој осигуреник или заедничка полиса со која се приложува список на сите осигурени лица и тоа на траење од најмногу една година.

Осигурување за наредната година може да се договори само со издавање нова поединечна или заедничка полиса.

(3)Обврската на осигурувачот се однесува само за лица од 14 до 75 години живот, а останатите помлади и постари лица не може да се осигураат.

### Член 3 - ОСИГУРЕНИ СУМИ

(1) Наведената осигурена сума во полисата претставува најголем износ на обврската на осигурувачот за одделни осигурени случаи.

### Член 4 - ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Овие Дополнителни услови важат заедно со Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода), а во колку се во спротивност со содржината на Општите услови, важат овие Дополнителни услови.

Овие Дополнителни услови ги донесе Одборот на директори на Акционерското друштво за осигурување Еуролинк - Скопје на својата 3-та редовна седница одржана на 25.02.2003 година со одлука бр. 0202-72/32 со примена од 25.02.2003 година

**А.Д. за осигурување Еуролинк**